Врз основа на член 16 а во врска со член 17 став (2) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 16 став (2) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 мај 2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за измена на Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година

1. Во Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/21) во точката 1 потточка за 2022 година во алинејата 1 износот „31.51 ден/m$^3$“ се заменува со износот „40,47 ден/m$^3$“
   Во алинејата 2 износот „ 27,77 ден/m$^3$“ се заменува со износот „32,37 ден/m$^3$“.
   Во алинејата 3 износот „ 50.21 ден/m$^3$“ се заменува со износот „60,70 ден/m$^3$“.
   Во потточката за 2023 година во алинејата 1 износот „33,62 ден/m$^3$“ се заменува со износот „ 42,34 ден/m$^3$“.
   Во алинејата 2 износот „ 29,63 ден/m$^3$“ се заменува со износот „37,26 ден/m$^3$“.
   Во алинејата 3 износот „ 53,56 ден/m$^3$“ се заменува со износот „63,50 ден/m$^3$“.

2. Ова решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2022 година.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2021-2023 година, бр.03-486/1 од 17 јуни 2020 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-153/20 од 29 јули 2020 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/20).

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, на 11 јануари 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги достави Заклучок на Советот на општина Пробиштип бр. 26-1011/4-1 од 29 декември 2020 година, со кој се одбива и не се дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип бр.02-981/1 од 10 ноември 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година УП1 бр. 08-153/20 од 14 јануари 2021 година, и го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.11 од 18 јануари 2021 година.

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 4 март 2021 година донесе Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период од 2021-2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/21).

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, согласно член 17 став (3) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 15 став (3) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги поднесе Барање за изменување на План за прилагодување по исклучок согласно член 17 од Законот за утврдување на водни услуги бр. 03-187/1 од 9 март 2022 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-62/22 од 16 март 2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Со Барањето, побара поведување на постапка за измена за Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2021 - 2023 година, на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип.

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за 2022 и 2023 година од регулираниот период 2021-2023 година:

| Опис | Ед.мерка | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 32.599.466 | 32.727.032 |
| Амортизација | денари | 7.160.186 | 9.205.557 |
| Средства за ликвидност | денари | 204.859 | 214.148 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 874.018 | 903.874 |
| Принос на регулирани средства | денари | 1.212.087 | 897.057 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 41.176.597 | 43.043.794 |
| **Количина** | $m^3$ | 850.491 | 850.491 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 47,75 | 50,09 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 47,09 | 49,56 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 48,42 | 50,61 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 17 март 2022 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1095/1 од 27.04.2022 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за измена на решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година.

На 29 април 2022 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Пробиштип, ЈП за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица Пробиштип, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, присуствуваа претставници на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ. По однос па Предлог Решение за измена на решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година не беа доставени забелешки.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за изменување на План за прилагодување по исклучок согласно член 17 од Законот за утврдување на водни услуги, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| **Опис** | **Ед.мерка** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 32.599.466 | 32.727.032 |
| Амортизација | денари | 7.160.186 | 9.205.557 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 39.759.652 | 41.932.589 |
| **Количина** | $m^3$ | 850.491 | 850.491 |
| Категорија домаќинства од Пробиштип и населените места кои се водоснабдуваат со вода за пиење преку градскиот водоснабдителен систем, Кундино и Трипатанци | ден/$m^3$ | 40,47 | 42,34 |
| Категорија домаќинства од Злетово и населените места кои се водоснабдуваат со вода за пиење преку истиот водоснабдителен систем и Лесново | ден/$m^3$ | 32,37 | 37,26 |
| Категорија останати | ден/$m^3$ | 60,70 | 63,50 |

По извршената анализа на податоците доставени во прилог на Барањето за изменување на План за прилагодување по исклучок согласно член 17 од Законот за утврдување на водни услуги, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот за 2022 и 2023 година ги измени трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар и трошоците за бруто плати, останатите оперативни трошоци останаа непроменети:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар со исклучок на трошокот за електрична енергија, се задржани согласно утврдените со Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период од 2021-2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/21), додека трошокот за електрична енергија е зголемен согласно податоците доставени од спроведената тендерска постапка за набавка на електрична енергија за 2022 година и истите во вкупен износ се утврдени да изнесуваат 15.028.760 денари за 2022 година и 14.927.718 денари за 2023 година.
2. Трошоците за бруто плати се прилагодени за зголемениот износ на минималната плата утврден со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.41/22) и истите изнесуваат 12.853.902 денари за 2022 година и 13.046.711 денари за 2023 година;

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга за 2022 и 2023 година остана непроменета во однос на претходно утврдената со Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за регулиран период од 2021-2023 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 46,75 ден/m$^3$ за 2022 година и 49,30 ден/m$^3$ за 2023 година.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Пробиштип и населените места кои се водоснабдуваат со вода за пиење преку градскиот водоснабдителен систем, Кундино и Трипатанци изнесува 40,47 ден/m$^3$ за 2022 година и 42,34 ден/m$^3$ за 2023 година, за категоријата на корисници – домаќинства од Злетово и населените места кои се водоснабдуваат со вода за пиење преку истиот водоснабдителен систем и Лесново изнесува 32,37 ден/m$^3$ за 2022 година и 37,26 ден/m$^3$ за 2023 година, додека пак за категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 60,70 ден/m$^3$ за 2022 година и 63,50 ден/m$^3$ за 2023 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика го задолжува ЈКП „Никола Карев" Пробиштип да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**УП1 бр. 08-62/22**
**5 мај 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**